# ДОНАЦИИИТЕ И ТРОШЕЊАТА НА ОПШТИНИТЕ





# ШТИП И КАВАДАРЦИ

**БЕЗ ВРСКА НЕ Е СЕКОГАШ #БЕЗВРСКА**

**Издавач:**
Здружение на граѓани Медиа Плус Штип
www.mediaplus.org.mk
E-mail : info@mediaplus.org.mk

**Соработник :**
ТРД Радио Канал 77

**Оваа публикација е изготвена со помош на грант доделен преку проектот „Граѓански организации и медиуми против корупцијата – Коалиција за нулта толеранција“ што го спроведуваат Транспарентност Македонија и НВО Инфоцентар , финансиран од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на здружението Медиа Плус и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.**

**Јануари, 2020 година**

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ
„МЕДИА ПЛУС“ – ШТИП

# СОДРЖИНА

Вовед ........................................................................................................................4
1 **Анализа на работењето на Општина Штип за периодот 2016-2019 година** ..........5

I.Преглед на донации 2016-2019.................................................................................5
II Доделување на средства од буџетот на Општина Штип..............................................9
III Информации за содржината на сајтот на Општина Штип .......................................18

2 **Анализа на работењето на Општина Кавадарци за периодот 2016-2019 година**...23

I.Преглед на донации 2016-2019..................................................................................24
II.Доделување на средства од буџетот на Општина Кавадарци......................................27
III. Информации за содржините на сајтот на Општина Кавадарци................................35

## ВОВЕД

Истражувачкиот тим на ЗГ „Медиа плус“ од Штип, во перидот од јуни до ноември 2019 година направи преглед и анализа за финанискотo работење, донациите, транспарантноста и отчетноста за општинте Штип и Кавадарци за периодот од 2016 до 2019 година. Во 2017 година се и Локалните избори, кога се случува и трансфер на власта.

Истражувањето и анализата е работена врз основа на програмите за работа на Советот на Општините Штип и Кавадарци и извештаите по овие програми, како и анализа на Буџетот, годишните сметки и кварталните извештаи за 2016, 2017, 2018 и 2019 година.

Тоа се годините од по половина мандат на градоначалниците – за Штип: Илчо Захариев од ВМРО ДПМНЕ и Совет на Општината со мнозинство од ВМРО ДПМНЕ (2013-2017), и Благој Бочварски од СДСМ (2017 -2021) со Совет на Општината со мнозинство од СДСМ. За Кавадарци на градоначалниците Александар Панов и мнозинство во Советот на Општината од ВМРО ДПМНЕ и (2013-2017) и неговиот сопартиец Митко Јанчев (2017 -2021) со Совет на Општината со мнозинство од СДСМ.

Користени се официјални документи издадени од Општината Штип и Советот, извештај на Државниот завод за ревизија за сметките на Општина Штип од 2018 година, Отчет на градоначалникот на Штип Илчо Захариев за периодот 2013- 2017 година, Извештај на независна ревизија од 2018 година за Јавното претпријатие „Комуналец“ од Кавадарци, „Службен гласник“ на Општините Штип и Кавадарци, барања според Законот за слободен пристап до информации, медиумски изјави и извештаи.

## 1.АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ 2016-2019 ГОДИНА

Општи наоди

Општина Штип средствата од општинскиот Буџет ги доделува врз основа на три правилници и една методологија. Извештаите за потрошените пари со ретки исклучоци, се само наративни без финансиски показатели. Не се видливи за јавноста, туку треба да се бараат по Законот за слободен пристап или да се пребарува во „“Службен гласник“, каде нема детали за потрошените пари. Во анализираните четири години само еднаш е распишан повик за доделување проекти за граѓански организации, но и овие извештаи не се целосни, што е главна забелешка во извештајот за финансиското работење на Државниот завод за ревизија, кој укажува дека „дел од субјектите кои добиле средства од Буџетот, немаат доставено финансиски извештаи за користењето на средствата, што создава можност за незаконско и ненаменско користење на средства“. Нема јавен повик по ниту една програма на Советот на Општината, вклучувајќи ја и таа за спорт, чии пари над 90% завршуваат за ФК Брегалница, која е акционерско друштво. Што се однесува до донациите, Општината Штип не води регистер, ниту се објавуваат договорите за донации во „Службен гласник“. За примените донации се дознава од медиумите и од отчетот на поранешен гтрадоначалник, од каде може да се заклучи дека донации има, но каде завршиле, граѓаните не се информирани.

### I ПРЕГЛЕД НА ДОНАЦИИ 2016 - 2019

**Општина Штип без официјална евиденција на донациите**

Општина Штип, со ретки исклучоци, не ги евидентира дадените донации. Во официјалниот “Службен гласник “каде се објавуваат одлуките на Советот на Општината Штип, во текот на 2019 година, објавено е едно решение за примена донација од компанијата „ Хамачи “, која донираше електрично возило. Во 2018 година исто така, има едно решение за прием на донација на половно возило – Пајак од „Градски паркинг “од Скопје. Во текот на 2016 година, Општин а Штип и Здружението на ромите „Черења “од Штип, склучија договор за донација со KAPITAL MARKET BUSINESS LIMITED од Лондон, Англија за изградба на станбени згради со 90 станови. Меѓутоа, донацијата никогаш не се реализира. Од Здружението изјавија дека донаторот се откажал од градењето на становите.

И покрај тоа што во медиумите може да се најдат вести за доделени донации на Општината Штип и на општински институции, решенија или одлуки за прием на донации во општинскиот гласник не се регистрирани. Интересно е дека во отчетот за сработеното, Илчо Захариев како градоначалналник, објавува податоци за петнаесетина донации. Највредна е донацијата на штипската компанија „Актива “, која на градот му подарила мост вреден 55.000 евра. Оваа донација не е официјално објавена. „Актива “од Општина Штип во 2017 има добиено работа вредна 700.325 евра, за изградба на врска меѓу улицата „ Гоце Делчев “и улицата„ Партизанска “во Штип.

За изградбата на нова фабрика, компанијата „Актива“, во време кога Захариев беше градоначалник, доби делумно ослободување од плаќањето за уредување на градежно

земјиште. Захариев заврши со кривична пријава од МВР за злоупотреба на службената положба и овластување и во тек е судски спор. Захариев, според обвинението, го оштетил општинскиот буџет и наместо да и' наплати на фирмата околу 1,8 милиони денари за уредување на градежно земјиште за изградба на објект со локација во Индустриската зона - Запад во Штип, тој и' наплатил само околу 300.000 денари. Захариев тоа го демантираше.

Официјално во "Службен гласник "на Општина Штип се објавени акти за овие донации:

1.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Договорот за донација на возило на електричен погон.

Договорот е за донацијата од ХАМАЧИ ДООЕЛ Штип, како донација од јавен интерес заради зачувување на животната средина и квалитетот на амбиенталниот воздух во градот. Донацијата се состои од едно возило на електричен погон. Нема наведено вредност на возилото, кое се користи за курирската служба. („Службен гласник")

2. Одлука за склучување на договор за донација од правно лице на 24 јуни 2016 година, никогаш не е реализирана поради повлекување на донаторот. За реализирање на Проектот „Подобрување на условите за живеење на ромите во Штип" Општина Штип и Здружението на ромите „ Черења 'од Штип ќе склучат договор за донација со KAPITAL MARKET BUSINESS LIMITED од Лондон, Англија, пишува во решението на Советот на Општината Штип.

Предмет на донацијата се недвижности – станови во колективни станбени згради кои ќе бидат изградени во Штип во м.в. Каракуш. „Донаторот KAPITAL MARKET BUSINESS LIMITED од Лондон, Англија по изградбата на станбените згради ќе донира 90 станови на Општина Штип, за што ќе биде склучен нов договор, согласно законските прописи во Република Македонија кој ќе биде основ за упис на добиените станови во јавните книги за евиденција на недвижности". („Службен гласник")

3.Во август 2018 година е евидентирана донација во износ од 580.000 денари од Обединети нации (ОН) и Европската унија (ЕУ) во наставно – образовни помагала. Евиденцијата на донацијата всушност е преку одлуката за проширување на Буџетот на општината, поради приемот на оваа донација. („Службен гласник")

**Најмногу решенија за донации за Пастрмалијадата**

Меѓутоа, во одговор на нашите барања според Законот за слободен пристап до информации од Министерството за правда, каде се донесуваат решенија со кои се потврдува јавниот интерес на дадените донации, Општината Штип има примено парични средства за организирање на манифестацијата Пастрмалијада. Потоа, пари за првото новороденче, поставување на столчиња на амфитеатарот кај Народната библиотека „Гоце Делчев" и за набавка и поставување на фитнес справи.


ДОНАТОРИ 2016 - 2019
извор: ИСТРАЖУВАЊЕ НА МЕДИАПЛУС
ГОДИНА 2016
ПИВАРА СКОПЈЕ
намена/донација
"Пастрамалијада2016"
ВРЕДНОСТ
922.500 ден
ГОДИНА 2016
КАМ ДОО Скопје
намена/донација
275 столчиња за амфитеатар
ВРЕДНОСТ
400.757 ден
ГОДИНА 2017
ПИВАРА СКОПЈЕ
намена/донација
ФИТНЕС СПРАВИ
ВРЕДНОСТ
260.390 ден
ГОДИНА 2018
Оаза Екстра Скопско ДООЕЛ - Штип
намена/донација
"Пастрамалијада2018"
ВРЕДНОСТ
5,000 евра
ГОДИНА 2019
П.И:Витаминка АД - Прилеп
намена/донација
"Пастрамалијада2019"
ВРЕДНОСТ
62.750 ден
ГОДИНА 2019
ЕВН Македонија АД - Скопје
намена/донација
"Пастрамалијада2019"
ВРЕДНОСТ
30.750 ден
ГОДИНА 2019
Оаза Екстра Скопско ДООЕЛ - Штип
намена/донација
"Пастрамалијада2019"
ВРЕДНОСТ
10,000 евра
ГОДИНА 2018
Шпаркасе банка АД Македонија Скопје
намена/донација
"Пастрамалијада2018"
ВРЕДНОСТ
1,000 евра
ГОДИНА 2016-2019
Комерцијална банка
намена/донација
Подарок за прво новороденче
ВРЕДНОСТ
52.000 ден
ГОДИНА 2019
АД за државни патишта
намена/донација
Дрвна маса во количина од 823,33м3
ВРЕДНОСТ
/
ГОДИНА 2019
Хамачи ДООЕЛ Штип
намена/донација
Возило на електричен погон
ВРЕДНОСТ
/

Според документите, компанијата Пивара Скопје АД, во 2016 година донирала 922.500 денари (15.000 евра) за Пастрмалијадата 2016, додека следната година 260.390 денари за фитнес справи. Комерцијална банка секоја година донира по 13.000 денари за првото новороденче. На листата на донатори е уште една банка, Шпаркасе, која во 2018 година донирала 1000 евра за Пастрмалијадата. Таа година, за оваа манифестација има уште два донатори – Оаза Екстра Скопско ДООЕЛ од Штип со 5000 евра и ЕВН Македонија со 30.750 денари. Компанија Оаза Екстра Скопско, која е главен спонзор на Пастрмалијадата, во 2019 година донирала 10.000 евра. За оваа манифестација во 2019 година износ од 62.000 евра донирала компанијата Витаминка од Прилеп, која има погон во Штип. На листата на донатори во 2019 година е запишана компанија Хамачи со електричното возило и ЈП за државни патишта со донација од дрвна маса од 827,33 кубни метри.

| година | донатор | намена/донација | вредност |
|---|---|---|---|
| 2016 | Пивара Скопје АД | „Пастрмалијадата 2016“ | 922.500 денари |
| 2016 | КАМ ДОО Скопје | 275 столчиња за амфитеатар | 400.757 денари |
| 2017 | Пивара Скопје АД | Фитенс справи | 260.390 денари |
| 2018 | Оаза Екстра Скопско ДООЕЛ - Штип | „Пастрмалијада 2018“ | 5.000 евра |
| 2018 | Шпаркасе банка АД Македонија - Скопје | „Пастрмалијада 2018“ | 1.000 евра |
| 2019 | Оаза Екстра Скопско ДООЕЛ - Штип | „Пастрмалијада 2019“ | 10.000 евра |
| 2019 | ЕВН Македонија АД - Скопје | „Пастрмалијада 2019“ | 30.750 денари |
| 2019 | П.И.Витаминка АД Прилеп | „Пастрмалијада 2019“ | 62.000 денари |
| 2019 | Хамачи ДООЕЛ - Штип | Возило на електричен мотор | / |
| 2019 | АД за државни патишта | Дрвна маса во количина од 827,33м3 | / |
| 2016-2019 | Комерцијална банка | Подарок за првото новороденче | 4x13.000 =52.000 денари |

**Во медиумите има податоци за овие донации:**

| |
|---|
| УСЈЕ донираше 200 тони цемент на општина Штип во вредност од над 1,1 милион денари. Донацијата е наменета за санација на коритата на реките и поправка на мостовите на територија на општината, со што во голема мерка ќе се санираат настанатите штети од поплавите. |
| Донација – половен Пајак возило мерцедес од 1996 година, од ЈП Градски паркинг – Скопје |
| Донација од УЈП до ДСУ„ Искра "во постелнина, јоргани и ДВД систем – вредност 109.000 денари. |
| Донација од Ротари клуб – Штип до СМУ„Сергеј Михајлов" -реконструкција на музички кабинет |
| Донација од Ханд тиле Ханд во ДСУ„ Искра "– храна во вредност од 92.000 денари. |
| Еко парк во населба Сењак, донација од „ Адиент" и „Пакомак". Вредност 240.000 денари. |
| Дрва за огрев – донација од ЈП за државни патишта – нема вредност. |
| Маици за учениците во ООУ „Ванчо Прке" и ООУ „Тошо Арсов" од„ЕАМ" – нема вредност. |
| Донација во вреќи цемент за асфалтирање на улици во н.Баби – не е познато од кого. |
| 200 тони цемент од„Титан". |
| Бојадисување на ограда на ДГ „Вера Циривири Трена„ – компанија Гудмарк – нема вредност. |
| Сензорна соба во градинка „Астибо" и Дневен центар за возрасни со аутизам - донатор Швајцарска амбасада |

**Во отчетот на поранешниот градоначалник Илчо Захариев има податоци за донации во време на неговиот мандат:**

| |
|---|
| Донација од компанијата„Актива" – пешачки мост „Мостот на воздишки", вредност 55.000 евра. |
| Прва платформа на р.Отиња – донација од 4,4 милиони денари – нема име на донатор. |
| Метален мост на река Отиња, вредност. 24.000 евра, донатор: Влада на Република Бугарија. |

| |
|---|
| Ограда за стадион во населбата „Балканска ". |
| Чешми во села – донација на И.Захариев и спонзори – правни субјекти, вкупна вредност 9000 евра. |
| Донација до Општина Штип од „Хемофарм"од Вршац, Србија – комби возило, кое потоа Општината го донира на монасите во манастриот Свети Гаврил Лесновси во Лесново. – Нема податок во општинските акти, ниту решение ниту одлука за донирање). |
| ТВ приемник за пензионерски клуб во Три чешми – И.Захариев. |
| Реконструкција на сала за венчавки од приватни донатори. Вредност: 25.000 евра. |
| Противпожарна опрема за пожарникарите од ТППЕ од Германија. Вредност: 5000 евра. |
| Свечени тоги за советници кои склучуваат бракови – донатор: „ Линеа" – нема вредност. |
| 60 контејнери од „ Пакомак" – нема вредност. |
| Кабинет во ООУ „Славејко Арсов" во н. Баби од Амбасада на Германија во Македнија. Вредност 5500 евра. |

## Општина Штип како донатор

Со одлука на Совет на Општината Штип од 3 мај 2017 година, доделени се 600.000 денари за црковни звона на МПЦ – ОА Брегалничка епархија од ставката „Други трансфери ".

Во извештајот од направената ревизија на ДЗР од 2018 година се забележува дека тоа не е во програмската активност на општината и повеќе е донација и спонзорство. Според тоа, законски, треба да има склучен договор за донација, што во овој случај парите се доделени без таков договор.

„Општината нема склучено договор по прием на донација и спонзорство, што може да доведе до ненаменско и незаконско трошење. Предметот на ваков договор мора да биде остварување на јавен интерес. Општината нема обезбедено решение за потврда на јавниот интерес од Министерството за правда. Освен тоа, доделувањето на средства на верски заедници не е во надлежност на општината (според Закон за локална самоуправа), а според Уставот на РМ, верските заедници се одвоени од државата", - забележува ревизорот во Извештајот.

ДЗР препорачува да се утврдат реалните потреби на општината, доделувањето на средствата да се одвива по однапред утврдени критериуми според начелото на транспарентност. Да се финансираат проекти од надлежност на општината и за тоа да има финансиска поткрепа. (ДЗР 2018).

## II ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

**Ревизорите со забелешки за доделувањето на пари од општинскиот буџет**

Програмите за спорт и за култура, години по ред предизвикувале контраверзи по начинот на трошење на парите, односно со одлуките кому да му се доделат парите. На начинот на доделувањето на средствата забележува и Државниот завод за ревизија, кој реагира на доделувањето на средства за манифестацијата Пастрмајлијада, забележувајќи дека не и' е местото во Програмата за култура, а проблем е според ревизорите, и немањето доволна транспарентност на поделбата на парите од Програмата за спорт. На ова укажува и анализата не само на овие две програми, туку и на останатите, судејќи според документите, кои се објавени во „Службен гласник". Нема воедначеност на принципот на поделба на средствата, ниту единствена методологија. Со ретки исклучоци, нема јавни повици за доделување на средства од општинскиот буџет. По доделувањето на средствата главно изостануваат финансиските извештаи, а јавно, на интернет страната не се објавуваат добитниците на општинските средства.

Обид за транспарантна поделба на близу еден милион денари е направена во текот на 2018 година, преку распишувањето на повик за доделување на средства за проекти за граѓански организации. Овој повик доаѓа по повеќе од десетина години на недоделување на овој фонд предвиден за здруженијата на граѓани. Овие пари во минатото главно се пренаменувани за други цели, а во ставката за здруженија на граѓани се сметаат износите дадени на спортските клубови, кои законски се регистрирани како граѓански организации. Пред доделувањето на парите за проектите за граѓанските организации, Општината усвои Методологија за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Штип, објавена на 19 февруари 2018 година.

Со објавениот документ се предвидува распишување на јавен повик секоја година во јануари или февруари, односно најдоцна два месеци по усвојување на Буџетот на Општината. За избор на проектите одлучува Комисија за распределба на средствата. Извештаите на Комисијата одат преку Секторот за јавни служби, образование и ЛЕР. Резултатите од конкурсот за распределба на средствата треба да се објават на оштинската интернет страна. Определени се минимум 50.000 денари, максимум 300.000 денари по проект.

На објавениот повик беа селектирани осум проекти за финансирање, меѓутоа, една од организациите се откажа поради малиот износ на доделени средства. Од предвидените 990.000 денари, доделени се проекти во вредност од 889.900 денари.

Пред Советот на Општината е презентиран наративен извештај, без финански показатели за секој одделен реализиран проект. Со барање за слободен пристап до информации, до Медиа плус се доставени извештаите на сите седум организации, кои добија и реализираа проекти. Овој документ содржи различни типови на извештаи – не е унифицирано, туку која организација како сметала дека треба, така и доставила извештаи за потрошените пари. Со мали исклучоци, нема јасна претстава дали наменски се потрошени овие пари.

Во 2019 година не беше распишан јавен повик за проекти на граѓански организации, ниту беа доделени планираните еден милион денари. Општина Штип се врати на старата пракса на недоделување на овој планиран фонд од Буџетот. Во Програмата за Локален економски развој за 2019 година се предвидени 1,3 милиони денари за проекти за здруженија на граѓани и фондации за проекти од областа на развој на туризмот. Јавниот повик не беше распишан.

Методологијата за доделување на средства за граѓанските организации е редок исчекор на локалната администрација во одредувањето на правилата на поделбата на граѓански пари. Освен овој документ, комисиите за доделување на средства работат врз основа на уште два правилници. Тоа се: 1) Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош од 2009 година со дополнувања (за спорски клубови, наменски дотации, здруженија на граѓани, поединци, лекување); 2)Посебниот правилник на Комисијата за култура за критериумите и постапката за финансирање на проекти од културата со прецизно објаснети критериумите од 2010 година . Во овој правилник нема наведено износи, туку стои општа одредба дека се поддржуваат проекти соодветни на програмата.

Издадени се и два правилници за организирање на фестивалот на забавна музика „Макфест". Првиот е објавен на 26 февруари 2017 година и ги регулира паричните награди, организацијата на фестивалот, конкурсот и останатите детали. Вториот е од февруари 2018 со промена во организациската структура – именувањето на директор и поднесувањето на извештајот е на Дирекцијата на фестивалот.

Извештаите, се чини, се слаба точка на работењето на Советот на Општината Штип и тоа по сите програми. Во одлуките за доделување на средства за спортските клубови и фестивалите од програмите за спорт и за култура, има наведено одредба дека за трошењето на парите треба да биде поднесен извештај. Меѓутоа, од приложените документи советниците се задоволувале со наративни извештаи, а во ретките наративни извештаи се давани заокружени износи на потрошените пари. Тоа се документи, кои како одлуки за извештаи се усвојувани во Советот и објавувани во „Службен гласник". Ова во својот извештај го констатира Државниот завод за ревизија, кој забележува дека дел од субјектите кои добиле средства од Буџетот, немаат доставено финансиски извештаи за користењето на средствата, што создава можност за незаконско и ненаменско користење на средства.

**ФК „Брегалница 2008" со години миленичe на локалните власти**

Милионски суми граѓански пари секоја година се уплатувани на сметка на второлигашот ФК „Брегалница 2008". Пред продажбата на клубот во 2019 година, општината Штип од Програмата за спорт одвојуваше над 90% од парите предвидени за спортски клубови, за овој клуб. Во периодот од четири години од 2016 до 2019 година, на сметката на АД ФК „Брегалница 2008" се префрлени околу 923.000 евра.

Извештаите што се објавени во "Службен гласник" се главно наративни со позначајните финансиски показатели. Исклучок е извештајот за работењето на „Брегалница" во 2017 година, кога настана промена на власта, а со тоа подоцна и промената на раководството на клубот. СДСМ додека беше во опозиција повикуваше на ревизија на незаконското

трошење на спортскиот денар. Кога дојде на власт, нарача и извештај од независен ревизор. Овој извештај, иако е нарачан и платен од граѓнски пари, јавно не е објавен. Најобемниот финансиски извештај за работењето на „Брегалница“, што воопшто бил доставен до Советот е со заклучок дека не се усвојува. Овој извештај за 2017 година што ни беше доставен по барање за слободен пристап до информации укажува на потрошени 18.600.000 денари. ФК „Брегалница 2008“ во 2017 година со пет фудбалери од странство излегува од прва лига. Завршна сметка што Советот ја разгледува со август 2018 година, не е прифатена. Брегалница со оваа завршна сметка должи 484.644 денари.

Во однос на доделувањето на средствата за спорт, според Државната ревизија, која ја разгледуваше сметката на Општината Штип за 2017 година, оценува дека нема прецизни критериуми за доделување на средствата, ниту медотологија. Освен тоа, нема распишано јавен повик за доделување на средстата од оваа програма.

Во однос на доделувањето на 14 милиони денари за АД ФК „Брегалница 2008“од Програмата за спорт, забележано е дека нема потпишано договор за регулирање на правата и обрските за финансирање, со што се намалува можноста за следење и реализирање на Програмата за спорт.

„Нема заклучок за усвојување или неусвојување на финансискиот извештај за АД ФК „Брегалница 2008“. На ревизијата не е даден детален финансиски извештај. Општината не извршила контрола на потрошените средства, што и’ било обврска со Законот за финансрање на ЕЛС (чл. 26).

Овој воспоставен начин на финансирање на АД ФК „Брегалница 2008 “ ја намалува транспарентноста на планирањето и трошењето на буџетските средства, што не е во согласнот со буџетското начело на транспаретност “, стои во извештајот на ревизорите.

Веќе следната година, со промената на локалната власт и промена во клубот, со одлука на Советот, се доделени 10 милиони денари за Програмата за работа на Друштвото за спортски дејности ФК „Брегалница 2008“ АД-Штип за 2018 година, што се обезбедуваат од Буџетот на Општина Штип за 2018 година.

Извештајот за 2018 година објавен е наративен и финансиски со трошоците за полусезоната (над 7 милиони), со преглед на потребите за пролетна сезона, подготовки, плати и сл.. Потрошени се 13.914.577 денари, од кои 11 милиони од општината, остатокот од ФФМ за поддршка на младинските клубови. Финансиските показатели се најавуваат за во завршната сметка.

На 27 септември 2019 година, Општина Штип дава согласност за склучување на Договор за регулирање на меѓусебните односи помеѓу акционерите во Друштвото за спортски дејности Фудбалски клуб „Брегалница 2008“ АД-Штип, Кирил Гогов како мнозински акционер од една страна и Општина Штип како малцински акционер од друга страна.

Во објавениот договор, прифатен од Советот на Општината Штип, се регулирани правата и обврските на малцинскиот акционер, т.е. Општината Штип, која и натаму се обврзува на финасирање на клубот: 1) Во следните 10 (десет) години, Општина Штип годишно во клубот ќе вложува по 6.000.000,00 денари, односно 9.000.000,00 денари се додека ФК „Брегалница“ се натпреварува во втора, односно прва фудбалска лига; 2) Исплатата на средствата од точка 2 на овој став, Општина Штип ќе го врши на месечно

ниво во еднакви месечни рати; 3) Доколку клубот испадне во понизок ранг на натпреварување од втора лига, Општина Штип нема обврска да вложува финансиски средства во клубот; 4) Претставникот на Општина Штип во органите на управување на клубот, согласно статутот на акционерското друштво до Советот на Општина Штип ќе поднесува извештај за финансиското работење на клубот најмалку еднаш годишно; 5) Тековното одржување на Градскиот стадион и стадионите Суит лак и Бело Брдо и сметките за потрошена електрична енергија и вода се на товар на Општина Штип. Контролата на овие трошоци, Општина Штип ќе ја врши преку свој претставник во Управниот одбор на клубот; 6) Општина Штип нема да се меша во дејноста фудбал (избор на играчи и тренери), тоа е исклучиво право на мнозинскиот акционер; 7) Сите обврски на клубот направени пред преземање на клубот од мнозинскиот акционер се обврска на Општина Штип, а ќе бидат сервисирани на начин и во постапка како и пред продажбата на акциите.




**<u>Програма за спорт 2016:</u>**

Извештај во март 2017: Реализација на Програма за спорт за 2016 година.

Планирани 20 милиони денари, реализирани 16.941.000 денари.

16.250.000 денари за поддршка на спортски клубови. За АД ФК „Брегалница 2008“ : 15.194.610 денари.

**<u>Програма за спорт 2017</u>**

Извештај во април 2018 - Годишен извештај за 2017 без детални финансики показатели.

Извештај за реализација на Програмата за спорт за 2016 : Вкупно потрошени 15.193.300 денари за поддршка на спортски екипи и сојузи/за котизација на спортски клубови.

Планирани 21.200.000 денари, реализирани 19.293.028 ден.

За АД ФК „Брегалница 2008“: 18.600.000 денари.

**<u>Програма за спорт 2018</u>**

Извештај во февруари 2019:

Одобрени 15 милиони, потрошени 13.583 413 денари.

12.577.370 за поддршка на спортски клубови.

За АД ФК „Брегалница 2008“: 11 милиони денари.

**<u>Програма за спорт 2019</u>**

Планирани 15.000.000 денари од кои: 1) Поддршка на спортски екипи и спортски сојузи: 13.650.000 денари ; 2) Поддршка на Сојуз на училишен спорт по програма: 250.000 денари ; 3) Награди: 100.000 денари ; 4) Електрична енергија за Општинските фудбалски стадиони: 1.000.000 денари.

Со Програмата за работа на Друштвото за спортски дејности ФК „Брегалница 2008“ АД -Штип за 2019 година се предвидува исплата на 12 милиони денари на клубот.

Доставувањето на извештаите се планирани за 2020 година.

**Програмата на култура со (не)културни содржини**

Фестивалот на забавна музика Макфест, манифестацијата Штипско културно лето и Пастрмајлијадата се трите главни проекти на оваа програма. Сите заедно црпат по околу седум милиони денари годишно од општинскиот буџет. Меѓутоа, и овде извештаите се скудни, описни, без значајни финансиски показатели.

Како дел од Програмата за културата е Пастрмалијадата, една од општинските манифестации со тродневни настапи на некогашните ЈУ ѕвезди и друга музичка програма со продажба на штипскиот специјалитет – пастрмајлијата на отворено. Општината доделува од 2 до 2,5 милиони денари, додека значајни се износите на донаторите, за што нема информации во официјалните општински документи, но дел од износите откривме преку барањата според Законот за слободен пристап до информации. Според решенијата што се одобрени од Министерствтото за правда, со кои се признава дека донациите се од јавен интерес, во перидот од четири години (2016-2019 година), за

Пастрмалијадата се донирани вкупно 32.500 евра. Наголемите донации се од „Скопска пивара“ и штипската компанија за дистрибуција на производите на оваа пивара – „Оаза Екстра Скопско“од Штип. Двете компании заедно донирале 30.000 евра. Во поднесените извештаи за реализација на оваа манифестација, донираните пари никаде не се споменати, ниту пак има информација каде се потрошени.

Општината организирањето на оваа манифестација го додели за Здружението на угостители, за што никаде во официјалната документација нема договор или друг вид на потврда за делегирање на надлежност. Во извештајот за Пастрмалијада 2016, стои дека проектот е реализиран во соработка со Здружението на угостители и Емил Попадинов, за што се потрошени 4.407.324 денари. Општината учествувала со 1.220.000 денари, додека остатокот е на генералниот покровител и од спонзори. Компанијата„Скопска пивара“ донирала 15.000 евра.

За Пастрмалијада 2017 се потрошени два милиони денари од општинскиот Буџет, додека остатокот од спонзори. Нема детали и финансиски показатели.

За организирање на Пастрмалијада 2018 нема податок колку вкупно е потрошено, туку во извештајот е наведено само колку пари се општински.

Извештај: „Според предвидениот буџет (Програма за култура 2018) Општина Штип од буџетот на сметка на манифестацијата префрли 2.500.000 денари, додека преостанатиот дел го обезбеди генералниот покровител„Скопска пивара“ и други покровители - спонзори на манифестацијата. “. Според решението на Министерството за правда, донатори за „Пастрмалијада“ таа година се „Оаза Екстра Скопско “ДООЕЛ – Штип со 5.000 евра и „ Шпаркасе банка“ АД Македонија – Скопје со 1.000 евра.

Во 2019 година Општината Штип од Програмата за локален развој одвои 2,5 милиони денари за Пастрамалијата, која добила 11.500 евра донаторски пари.„Оаза Екстра Скопско“ ДООЕЛ – Штип одвоила 10.000 евра за манифестацијата, П.И. Витаминка 62.000 денари, додека ЕВН Македонија 30.750 денари.

Државниот завод за ревизија посебно се осврнува на трошењето на пари за Пастрмајлијадата од Програмата за култура: „Парите во износ од два милиони денари се исплатувани од позицијата „Други трансфери“, врз основа на одлука на Совет на општината. Проектот нема културна вредност и не е во солгасност со Законот за локална самоуправа. Документите покажуваат дека средствата се наменети за покривање на хонорари на пејачи, со кои се склучени договори за настапи, забележува ревизорот.

Но, и покрај ваквите забелешки, Пастрмалијадата останува во Програмата за култура и на ист начин се спроведува и следната, 2018 година.

„Според предвидениот буџет (Програма за култура 2018) Општина Штип од буџетот на сметка на манифестацијата префрли 2.500.000 денари. Додека преостанатиот дел го обезбеди генералниот покровител„Скопска пивара “и други покровители - спонзори на манифестацијата “, стои во прифатениот извештај за организирање на Пастрмалијадата 2018 година. Нема податок за тоа колку вкупно чинела оваа манифестација.

Веќе во 2019 година, Пастрмалијадата, како манифестација е префрлена од Програмата за култура во Програмата за локален економски развој. Планирани се, како и во 2018

година, 2,5 милиони денари од општинскиот Буџет. Во програмата е дадено објаснување дека „манифестација која во основа ја има промоцијата на исклучителниот бренд на Штип -Пастрамајлијата, ќе се реализира последната недела од септември. Идејата да се поттикне туризмот и развојот на угостителството, односно да се направи економска и туристичка промоција на Штип, на 13 по ред Пастрамалијада, предвидуваме повторно да се оствари преку пренесување на организациониот дел на Здружението на угостители со ангажиран тим на компететни лица за реализација. Општина Штип би ја имала улогата на медијатор “, пишува во Програмата за ЛЕР 2019.




**<u>Програма за култура 2016</u>**

**Од Буџетот на Општина Штип планирани:**7.305.000 денари, **Потрошени**:5.193.941 денари

Фестивалот Макфест е во целосна организација на Општината Штип, со финансиско учество на Министерството за култура и спонзорство. Во „Службен гласник“ секоја

година се објавуваат прифатените извештаи, кои главно кажуваат како поминал фестивалот, кој победил, како и општи информации со генерални финансиски показатели.

Макфест 2016: наративен и генерални финансиски показатели. 3.797.000 денари од општина, вкупно 6.348.000 денари. Општината одобрила 4.000.000, а Министерството за култура 2.530.700 денари.

Извештај: „ Според Програмата, Општина Штип во реализација на триесет и првото издание на Макфест влезе со 4.000.000 денари. Додека од Министерството за култура во делот финансирање на проекти од национален интерес беа предвидени 2.550.710 денари. Конечниот финансов биланс говори дека: од предвидениот буџетски дел за Макфест 2016, Општина Штип издвои 3.797.583 денари или вкупно Макфест 2016 чинише 6.348.296 денари “.

За реализација на Програмата на Штипско културно лето (ШКЛ) 2016 година, Советот одобри средства во висина од 700.000 денари. Вкупната реализација на ШКЛ 2016 чинеше 67.030 денари.

**Извештај за Програма за култура 2017:**

**Од Буџетот на Општина Штип планирани:**7.940.00 денари. **Потрошени**:6.047.570 денари

Макфест 2017

Извештај: „Според Програмата Општина Штип во реализација на триесет и второто издание на Макфест од буџетот на посебната сметка на Фестивалот се префрлија 4.000.000 денари. Додека од Министерството за култура во делот финансирање на проекти од национален интерес беа предвидени 1.783.357 денари, со потпишан Договор помеѓу Министерството и Општина Штип “.

ШКЛ: Предвидени 800.000 денари со Програмата за култура, потрошени 12.010 денари.

Во 2017 година за реализација на Програмата за култура од буџетот на Општина Штип се потрошени вкупно 6,047,570 денари. Инаку, Годишната програма за култура 2017 предвиде средства во висина од 7.940.000 денари.

**Програма за култура 2018**

**Од Буџетот на Општина Штип планирани:** 9.360.000денари. **Потрошени**: 7.390.000денари

Според Програмата, Општина Штип во реализација на триесет и третото издание на Макфест од буџетот на посебната сметка на Фестивалот префрлила 4.500.000 денари. Додека од Министерството за култура во делот финансирање на проекти од национален интерес беа предвидени 1.000.000 денари.

Во 2018 година за реализација на Програмата за култура од буџетот на Општина Штип се потрошени вкупно 7.390.079,51 денари. Инаку, Годишната програма за култура 2018 предвиде средства во висина од вкупно 9.360.000 денари.

Со Програмата за култура за 2018 за реализација на ШКЛ 2018 беа предвидени вкупно 700.000 денари, на седница на Совет одобрени по предлог програма 300.000 денари. За реализација на програмскиот дел за 2018 од Буџетот на Општина Штип се потрошени средства во висина од 267.251 денари.

Во однос на Програмата за култура, ревизорите забележуваат дека нема јавен повик за финансирање на проекти од областа на културата, кои не се дел од програмските активности на општината, ниту има јавен повик или е објавено на интернет страната за доделени финансиски средства. Општината на својата интернет страна не ги објавила субјектите кои добиле средства од Буџетот на општината за 2017 година и за кои цели ги добиле средствата.

Дел од субјектите кои добиле средства од Буџетот, немаат доставено финансиски извештаи за користењето на средствата што создава можност за незаконско и ненаменско користење на средства.

*Извештајот од ДЗР, иако е добра пракса за транспарентност на општината според СИГМА стандардите, не е објавен на интернет страницата на Општина Штип.*

## III. ИНФОРМАЦИИ ЗА СОДРЖИНАТА НА САЈТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Овие документи и информации можат да се најдат на интернет страницата на Општината Штип - stip.gov.mk:

**Буџет** – во менито дел БУЏЕТ

- Предлог буџет за О.Штип за 2019 година.
- Буџет на О.Штип за 2018 година.
- Квартален извештај за извршување на буџет за период 01.01.2018 до 31.03.2018 година.
- Буџет О.Штип за 2017 година.
- Квартален извештај за период 01.01.2017 до 31.12.2017 година.
- Годишна сметка на буџет за 2017 година.
- Квартален извештај за период 01.01.2016 до 31.12.2016 година.

**Јавни набавки –** во менито дел ЈАВНИ НАБАВКИ

- План за јавни набавки за 2018 година.
- Тендерски постапки во О.Штип во период јануари-октомври 2016 година.
- Реализирани постапки за асфалтирање на улици – 2016 година.

(има само за 2018 и 2016 година )

**Проекти**– во менито дел ПРОЕКТИ

- Прашалници за евроскептицизам и име на мрежа на градови – 03.04.2018 г.

„Future of Europe – Reload “ О.Штип е партнер со О.Аксаково – Бугарија

Проектот трае од Април 2018 до Мај 2020 година. ( нема финансии )

- Изработка на мултимедијален центар во Штип во соработка со О.Гоце Делчев од Бугарија –Преку ИПА Програма на ЕУ ,

Проект „ Вмрежување на мултимедијални центри во прекуграничниот регион – Креатива “

Вредност на проектот е 448.840 евра од кои О.Штип добива 300.000 евра (пола се инвестиција на локалната самоуправа) а Бугарија 148.000 евра .

- Проект „ Оживување на културно наследство во прекуграничниот регион меѓу Бугарија и Македонија “ - ИПА Програма за меѓународна соработка ,

Партнери се О.Штип и Агенцијата за регионален развој во Благоевград - 98.627 евра вредност .

(има само 3 проекти од 2018 и 2016 г, другите проекти и проектните програми кои ги има се постари од 2013, 2014 ).

**Програми / Урбанизам**– во менито дел ПРОГРАМИ/УРБАНИЗАМ

Градежно земјиште 2016 г.

- Програма за располагање со градежно земјиште за 2016 година.
- Програма за дополнување на програма за располагање со градежно земјиште -1 .
- Програма за дополнување на програма за располагање со градежно земјиште -2 .

Финансиски средства 1.500.000 денари.

(има само за 2016 година )

**Локален економски развој -** во менито дел ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- Програма за локален економски развој за 2016 гогдина. (проекти, финансии)
- Анекс на програма за локален економски развој за 2016 година.

(има само за 2016 година)

**Стратегии -** во менито дел СТРАТЕГИИ

- Стратегија за ЛЕР 2019-2024 - (работна верзија).
- Стратешки ЛЕР план 2012-2017 година.
- Под – стратегија за рурален развој 2012-2017 година.
- Програма за енергетска ефикасност на О.Штип за 2011-2016 година.

Сајтот не се ажурира редовно. Повеќето објави, проекти, програми, стратегии се постари од 2011, 2012, 2013, 2014 се’ до 2016 години. Последниве три години многу ретко се

објавува и ажурира, само по една или две објави во оддел а некаде и нема воопшто. Единствено се ажурираат рубриките –„Настани“ и „Соопштенија“.

**Соопштенија**: Најмногу содржи писмени реакции на прес конференциите на О.К. ВМРО-ДПМНЕ од Штип, со контра-реплики. Освен ова, содржи и честитки по повод празници, покани за конференции, најави за измена на режим на сообраќај, известувања за продолжено работно време и сл.

**Настани**: Тука има понови и тековни информации, за тековни средби, и тоа за: асфалтирање на улици, увид во градежни активности, Макфест, дебати, јавната расправа зз ЛЕР, свечени академии, улично осветлување, средби со директори и министри, Пастрмалијада, прием на лица кои постигнале успеси кај градоначалникот, одобрени средства за проекти, потпишани договори , јавна расправа за браната на река Отиња, одбележување на значајни датуми, работни активности, промоции итн.

Има објава од 18 март 2019 година, дека според извештајот од проектот „Следење на принципите на јавна администрација во зачувување на вредностите на добро управување“, финансиран од Европската унија, Општина Штип е најтранспарентна Општина во државата.

## Јавна достапност на документи издадени од Општина Штип

1. **Предлог Буџет**

   2016 има нема
   2017 има нема
   2018 има нема
   2019 има нема

2. **Буџет на Општина Штип**

   2016 има нема
   Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

   2017 има нема
   Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

   2018 има нема
   Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

   2019 има нема
   Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**3. Квартални извештаи на Буџет**

2016 има колку? 1 (цела година) нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2017 има колку? 1 (цела година) нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2018 има колку? 1 (само за прво тромесечје во посебен дел, а во службен весник има за цела година) нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2019 има колку? ( од 01.01 д0 30.09.2019) нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**4. Извештаи на јавни претпријатија и институции**

2016 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2017 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2018 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник (Само за ЈП Стипион )

2019 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**5. Правилници и методологии за доделување на средства**

Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**6. Договори со донатори**

Има нема

Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

7. **Решенија за примени донации**

Има нема

Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

8. **Јавни набавки, план и извештаи од реализирани јавни набавки**

Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

( има само План за јавни набавки за 2018 г. , и за 2016 г има Тендерски постапки за период јануари- октомври 2016 , и Реализирани постапки за асфалтирање улици – април 2016 г. )

## 2.АНАЛИЗА НА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПЕРИОДОТ 2016-2019 ГОДИНА

Општината Кавадарци има добра пракса на јавно објавување на извештаи за потрошените пари, а при тоа, со смената на власта во 2017 година, продолжува тој континуитет. Дел од овие извештаи се детални, со презентирање на главните ставки. За културно-стопанските манифестации, за кои општината издвојува над 100.000 евра годишно, во периодот за кој се однесува истражувањето (2016-2019) направена е промена на организаторот, кому му се доверени овие средства по пат на делегирана надлежност. Во време на претходната власт, која ја предводел Александар Панов од ВМРО ДПМНЕ, организатор е „Темков ФШТ“ од Скопје, додека со доаѓањето на Митко Јанчев од истата партија, надлежноста ја добива маркетинг агенцијата „Иноватива груп“ ДОО од Скопје, која се јавува како носител и на маркетинг активности и наградни игри на брендовите во семејната компанија на градоначалникот Јанчев, „Кожувчанка“. „Иноватува груп“, инаку семејна компанија на поранешната манекенка Сања Николиќ – Маринковиќ и нејзиниот сопруг, пејачот Марко Маринковиќ - Слаткар, е носител на јавна набавка за маркетинг услуги во јуни 2018 година, во износ од 12.846 евра. За потребите на Општина Кавадарци, „Иноватива груп“ е носител на маркетинг услуги за дизајн, изработка и печатење и концепт, сценарио снимање монтажа и продукција на промотивни видео материјали. Општината нарачала изработка на општинско лого за 25.000 денари, пет брошури за 30.000 денари, два дизајни на благодарници за 4000 денари, пет дизајни на дипломи за 10.000 денари, пет дизајни на признанија за 10.000 денари, десет дизајни на покани за 15.000 денари, десет дизајни на флаери за 25.000 денари, дизајн на дванаесет броја на информатор за 84.000 денари, а Општината нарачала и три промо видеа од 25 секунди. Едно видео чини 85.000 денари или 255.000 денари за трите видеа, при што една секунда чини 3.400 денари. Карактеристично е и што доаѓањето на Јанчев за градоначалник, континуирано, од година во година расте поддршката за ФК „Тиквеш“, од еден милион на шест милиони во 2019 година.

Општина Кавадарци има неколкугодишна пракса на стимулирање на граѓаните за купување на енергетски грејни тела, почнувајќи од горилници за ракија на гас, печки на пелети и инвертор клими, фасади на згради за колективно домување до субвенции за велосипеди. Извлекувањето е јавно, преку локалните медиуми. Значајни износи се доделувани за лекување на граѓани, додека Општината во неколку наврти има донирано средства за изградба на цркви по населените места. Вредни донации добила и Општината, вклучувајќи ги јавните претпријатија и општинските институции. Вкупно 34 донатори се официјално евидентирани во официјалниото гласило на Општина Кавадарци „Службен гласник“, пријавени и одобрени од Советот. Од тие 34 донатори, 13 компании имаат добиено јавни набавки од Општината, јавните претпријатија и општинските институции.

## I ПРЕГЛЕД НА ДОНАЦИИ 2016- 2019

| |
|---|
| **<u>Донатори Општина Кавадарци 2016 - 2019:</u>** |
| |
| 1.ДТПУ Кожувчанка – нема јавна набавка |
| 2.Фондација Никола Јанчев - нема јавна набавка |
| 3.ДТПУ ПРО ЕНЕРГО увоз извоз ДОО Битола – 2 јавни набавки за ЈП Комуналец. Вкупна вредност: 24,800 ЕУР |
| 4.ДТПУ Бошава дооел увоз извоз Кавадарци - нема јавна набавка |
| 5.ДТПУ Метал Апостолов ДООЕЛ: Вкупно 17 јавни набавки за Општина, ЈП и општински инстиуции на ЈП Комуналец и општински установи – градинка и училишта. За Општина Кавадарци вкупно 10 набавки, во вредност од: 352,181 ЕУР (главно градежни работи и две набавки на метални шкафови) |
| 6.ТТПЕ Кавадарци од Дрекслмајер Манифактуринг ДООЕЛ Кавадарци - нема јавна набавка |
| 7.Деспина мебел Каварадци - нема јавна набавка |
| 8.ДТПУ БАС ТУТИ ФРУТИ - нема јавна набавка |
| 9.ДТПУ ЈА-МИ експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци – една јавна набавка за Општина Кавадраци за зимско одржување на улици во вредност од 64,852 ЕУР. Склучен 09/01/2017, имало само една понуда. |
| 10.ПЕРКАН ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп - нема јавна набавка |
| 11. ИГМ-ТРЕЈД - нема јавна набавка |
| 12. 24 ИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Битола: 3 јавни набавки за изработка на проекти, од кои 2 за Општина Кавадарци и една ЈП Комуналец. Вкупна вредност на јавни набавки за општината: 3,493 ЕУР |
| 13. ЛУПОНДИ ЛОГИСТИК ЕООД од Петрич - нема јавна набавка |
| 14. Друштво за градежништво Дан-пласт ДООЕЛ експорт импорт Кавадарци - нема јавна набавка |
| 15. Пивара Скопје АД Скопје – нема јавна набавка |
| 16. ДТПУ Кав Комерц Петар ДООЕЛ Кавадарци – нема јавна набавка |
| 17. Дан-пласт ДООЕЛ експорт импорт Кавадарци - нема јавна набавка |
| 18. ДТППУ Скопско Груп ДООЕЛ Кавадарци - нема јавна набавка |

| |
|---|
| 19. Друштво за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Кавадарци |
| 20. ДТПУ Гала Гордана и Сашко ДОО Кавадарци – 22 јавни набавки со Општина Кавадарци и општинските институции. За Општина Кавадарци 11,150 ЕУР 04.11.2019. |
| 21. ДТУП ЕКСТРА 03 ДООЕЛ Кавадарци – 25 јавни набавки за превоз, од кои 6 за Општина Кавадарци, останатите за институциите: 3 за Дом на Култура „Иван Мазов " и 14 набавки за 7 основни и средни училишта 14 јавни набавки за преовз на ученици: сите во 2016 Вкупна вредност: 50.478 ЕУР (73 јавни набавки за општинските институции – главно основни и средни училишта) |
| 22. ДТТУ АНЕЛ-МАК 97 ДООЕЛ експорт- импорт Кавадарци - нема јавна набавка |
| 23. ДТПУ ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци: 3 јавни набавки во гориво – 1 СОУ Гимназија „Добри Даскалов" - Кавадарци и две Општина Кавадарци 40.292 ЕУР |
| 24. ДГТ ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци вкупно 57 јавни набавки, ЈП Комуналец, ОМБУ „Лазо Мицев Рале" - Кавадарци, Општина Кавадарци 46 јавни набавки: 180.380 ЕУР |
| 25. ПАВЕР ТРЕЈД ДООЕЛ Кавадарци Вкупно 18 јавни набавки за Општина Кавадарци, општинските институции .12 за Општина во вкупна вредност од : 270.296 ЕУР |
| 26. ДУТП ВЕЛКОМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје 3,252 – една јавна набавка – сервисирање на товарни возила/ 13 за ЈП Комуналец. |
| 27. ДТПУ Коле Транс инженеринг увоз-извоз дооел Штип Вкупно 6 јавни набавки , 5 за општината и една за ЈП Вкупна вредност 113,850 ЕУР |
| 28. Конти Хидропласт Дооел Гевгелија 28,893 ЕУР – само една во 2019 |
| 29. КОДИНГ-ГОРСКА Скопје – нема јавна набавка |
| 30. Винарска визба Тиквеш експорт-импорт ад Скопје – нема јавна набавка |
| 31. Ецотип Андреевски Илија – нема јавна набавка |
| 32. Трасер Станоја ДООЕЛ 2016 и 2017 – две јавни набавки во 2016 и 2017 од ЈП Комуналец. Вкупна вредност: 148,071 ЕУР |

Евидентирани се вкупно 32 донтори за перидот од 2016 – 2019 година, од кои 13 правни субјекти, добиле работа преку јавни набавки за Општина Кавадарци или општинските институции и јавни претпртијатија.

Топ три компании – донатори на Општина Кавадарци со највредни јавни набавки се:

1.ДТПУ Метал Апостолов ДООЕЛ: Вкупно 17 јавни набавки за Општина, ЈП и општински институции на ЈП Комуналец и општински установи – градинка и училишта. За Општина Кавадарци вкупно 10 набавки, во вредност од: 352,181 ЕУР (главно градежни работи и две набавки на метални шкафови);

2.ПАВЕР ТРЕЈД ДООЕЛ Кавадарци Вкупно 18 јавни набавки за Општина Кавадарци, општинските инситтуции . 12 за Општина во вкупна вредност од: 270.296 ЕУР;

3.ДГТ ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци вкупно 57 јавни набавки, ЈП Комуналец, ОМБУ „Лазо Мицев Рале" – Кавадарци. Само Општина Кавадарци има 46 јавни набавки во вредност од 180.380 ЕУР.




Во листата на донатори е и компанијата ИГМ Трејд, за кого Советот на Општината Кавадарци се изјаснил негативно за отворањето на нова линија. Семејната фирма на градоначалникот Митко Јанчев, „Кожувчанка" донирала осум пати во 2018 и 2019 година различни материјални добра: две специјални возила за чистење на патишта, компјутери, електрични кабли, столпчиња за тротоари и улици, реконструкција на фонтани и проект за санирање на свлечиште во селото Мрежичко, каде е погонот на компанијата.

Евидентираните донатори, донирале противпожарни возила, градежни материјали, асвалтирање на улици, реквизити за јавни површини, градежни проекти, прочистувачи на воздух и друго.

Во извештајот од независниот ревизор има забелешка во однос на регистрирање на донациите во Јавното претпријатието „Комуналец“:

„Претпријатието добива донации (грантови) во вид на основни средства и парични средства. Во 2005 година била примена донација од Светска Банка за изградба на МХ ЕЦ. Оваа донација била евидентирана со примена на капитален пристап, но тековната амортизација била погрешно евидентирана преку Билансот на сеопфатна добивка. Во 2018 година оваа донација е рекласифицирана во обврска за одложен приход од донирани средства, односно започната е примена на приходниот пристап согласно МСС 20- Сметководство за државни поддршки и обелоденување на државна помош “, стои во извештајот од надворешната ревизија направена од ТП„ Ревизија Чулева “од Скопје.

Од друга страна, како вид на донација може да се смета и практиката на градоначалникот Митко Јанчев, кој својата плата ја внесува во Фондацијата „Никола Јанчев“, во спомен на неговиот татко, од која се доделуваат стипендии на ученици и студенти. Директор на оваа Фондација е сестрата на градоначалникот Јанчев, Јанинка Чупаркоска. Според општинскиот информатор, во текот на 2019 година доделени се 36 стипендии од Кожувчанка. Доделувани се по 12 стипендии за трите групи на млади, односно по 6000 денари за учениците од основно образование, по 12.000 денари за средношколците и 32.000 денари за студенти.

## II ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Доделувањето на средства од општинскиот Буџет, Општина Кавадарци го има регулирано врз основа на неколку правилници, а во 2018 година со правилници го регулира интерното трошење на средства за репрезентација, користењето на сопствени возила во службени цели, картичка за гориво и сл.

1.Правилник за начин и постапка за делегирање на надлежности од Општината Кавадарци за организирање и реализирање на културни манифестации на правно лице.

Се бара детален опис на активности, носители и рокови за реализација, програма за начин и постапка на делегирање на надлежност. За финансиски страна на активностите: име и презиме и матичен број на лица ангажирани во реалзиација на делегираната надлежност, ниво на квалификации, стручност и професионално искуство. Име и презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на активностите. Петчлена комисија ги разгледува пријавите по распишаниот конкурс. Општината издава решение за доделување надлежност во областа на културата, со кое се бара извештајот да се достави 30 дена по настанот.

2.Правилници за користење на субвенции (за велосипед, за енергетско ефикасни тела, за фасади на колективни згради). Доделувањето на субвенциите е преку јавен повик, комисија, потребни документи и известувања до јавност.

Во огласи и соопштенија објавени имињата на граѓани добитници на субвенции за енергетска ефикасност – грејни тела преку јавно извлекување.

**Интерни правилници објавени во „Службен гласник “:**

1.Правилник за користење на сопствено возило за службени цели со иглед на налог;

2.Правилник за користење на средства за репрезентација :

Репрезентација може да користат:

- членови на Совет во вкупен износ од 360.000 денари годишно за сите членови;

- раководители на сектор – вкупен износ 100.000 со образец за користење/овластување на средства за репрезентација.

3.Правилник за користење на Верна картички за безготовинско плаќање на нафтени деривати и стоки со формиулар.

4.Измена на Правилникот за репрезентација – сите опфатени со Правилникот, можат да користат до 600.000 денари наместо 300.000 и 360.000 денари.

**2016 – 2017 година**

Во Програмата за развој за 2016 година предвидени се 930.000 денари за проекти за граѓански организации и тоа за обуки, каталози на НВО, вмрежување. Распределба на средства за проекти на НВО е врз основа на повик распишан во октомври 2015. 33 организации добија 930.000 денари за проекти во висина од 5.000 до 55.000 денари. Општината нема посебна методологија, туку средствата се доделени врз основа на документ донесен на државно ниво – Кодекс за добри практики за финансирање на здруженија и граѓански фондации (Службен весник на РМ бр. 130/2007). Износ од близу милион денари се распределува секоја година за проекти на граѓанските организации.

Програма култура изнесува шест милиони денари, каде е вклучена и културно – стопанската манифестација „Тиквешки гроздобер“, која преку делегирана надлежност ја организира агецијата Темов ФШТ – Скопје. На оваа агенција и’е доверена организацијата уште на манифестациите „Свети Трифун“– празник на лозарите, „Гурмански викенд“, „Баскерфест“, „Бели ноќи“, како и Дочек на Нова Година.

Во извештајот за 2016 година на оваа агенција усвоен од Советот на оп штината стои дека за манифестацијата Тиквешки гроздобер се потрошени вкупно 1.300.000 денари, за манифестација „Гурмански викенд“ - 300.000 денари, додека организирање на Нова Година се потрошени 622.000 денари, од кои 372.000 хонорари на музичари. Извеш таите се детални, со приказ на сите ставки. За манифестацијата „Тиквешки гроздобер“ извештајот се однесува на потрошени вкупно 5.631.517 денари. Општината покрива четири милиони денари, додека останатото од спонзори од општествено одговорни компании од градот и винарски визби и угостители. Од тоа 3.674.717 денари се хонорар за пејачи, со точно прикажани ставки за изведувачи.




Од Програмата за спорт и млади, едем милион денари е за ФК „Тиквеш“за развој и унапредување на спортот. Во одлуката нема одредба дека треба да биде поднесен извештај.

Како што изминуваат годините, тој износ се зголемува, за во 2019 година да бидат доделени 6,7 милиони денари за овој клуб. Кон крајот на 2016 година на ФК „Тиквеш“ му се доделени дополнителни 150.000 денари за гостување во Турција. Од Буџетот на Општината на Македонска Кошаркарска Федерација од Буџетот на Општина Кавадарци се доделени 994.100 денари, со намена за ко-организација на Квалификации за Европско првенство во кошарка за Сениорската машка репрезентација 2016.




Општината усвоила и Програма Комуникација со јавноста, која предвидува печатење на Кавадаречки весник, за што се одобрени средства од 3,5 милиони денари.

Во текот на 2016 година, Општината оделувала средства од Буџетот за субвенции на граѓаните, за изградба на црква, набавка на инвалидски колички, а отпишувала и долгови на граѓаните во социјален ризик. Редовно, секоја година, се издвојуваат средства за здравствена заштита во две населени места, кои се уплаќаат на сметка на приватна здравствена установа. Одлуката се однесува на општински субвенции за ПЗУ „Виталиа Медикус“ по 180.000 денари за здравствена заштита во рурални средини, за селата Возарци и Сопот. За потребите на ЈЗУ Општа болница – Кавадарци е набавен ЦТГ апарат.

Поединечни трансфери:

- По одлука за набавка на основни средства – електрични колички за лица со посебни потреби, набавени се три колички по 220.000 ден од ставка Други трансфери.

- 300.000 денари за обнова на под во Ученички дом.

- Одлука за одложено плаќање на сметка за вода и комуналии на социјално загрозени врз основа на товар на ЈП Комуналец, врз основа на Решение за остварување на социјална помош од Центарот за социјални работи. Во одлука стои дека надзорот за спроведување на одлуката е на Комисија за финансирање и буџет. Донесена е одлука за отпис на побарувања – главен долг на Одборот на Фондација за поддршка на мали бизниси. Општината со одлука на Советот, донирала средства на синдикална организација на ЈП Комуналец.

- 400.000 денари за Сам Вел компани, за покривање на трошоци за бесплатен превоз.

- Доделени се средства за црквата Архангел Михаил од село Ваташа во износ од 200.000 денари за фрескосување на олтар, додека на црква Свети Димитрија во населбата Глишиќ и' се доделени 150.000 ден за изградба потпорен ѕид. Дв а милиони денари се издвоени за црква Свети Ѓорги за партерно уредување.

-За превоз на ученици се одвоени 700.000 денари.

Општината одвоила средства за снимање филм - 30.000 ден на Љубомир Ошавковски; на Здружение " Меѓународен Фестивал на детски и младински хорови" – 50.000 денари; Фолклорен ансамбл "Тиквеш" за патување 150.000 денари; ЈОУ Дом на култура – за џез фестивал 150.000 денари; Здружение „Аквила" – 30.000 ден за заштита на дивата флора и фауна .

**Субвенции**

Усвоен е проект за субвенционирање на мерки за топлинска ефикасност - Општина Кавадарци планира во 2018 година да објави повик за субвенционирање на грејни тела, како воведување на мерки за заштеда на топлинска енергија при купување на грејни тела со голема енергетска ефикасност. Општина Кавадарци за овој проект издвои средства во висина од три милиони денари од Буџет на Општината, за што по двата повика што следеа, се доделија вклупно 196 субвенции за грејни тела.

Општината спроведува уште еден проект за субвенционирање на граѓаните - за купување на велосипед.

„Општина Кавадарци со цел да ги стимулира граѓаните за користење на велосипеди, и да се даде поголем придонес во зачувување на животната средина и физичкото здравје на граѓаните ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства, за набавка на велосипед. Општина Кавадарци за овој проект издвои средства во висина од 200.000 од Буџет на општината за 2018 година, при што се доделија вкупно 58 субвенции за купување на велосипеди ", стои во одлуката.

Усвојување заклучок за организирање на Нова Година – ЗГ Пиволенд 250.000 денари со потставки 80.000 денари хонорар за артисти.

Програма за култура за 2018 ги дефинира манифестациите што ќе ги поддржи, но нема определено износ. Во неа спаѓаат манифестациите „Тиквешки гроздобер", „Свети Трифун" и Програмата за Нова Година.

Со повеќе одлуки се издвојуваат средства за граѓаните. Одлука за надоместување на трошоци на граѓаните за набавка на горилник на плин за печење на ракија по 5.000 - 10.000 денари од општинскиот Буџет. Социјално загрозени семејства се ослободени од плаќање на сметки за вода и комуналии, а направен е отпис на застарени долгови за фирмарина, комунални надоместоци, закупнина – вкупно 40 милиони денари. Ослободени од плаќање комунална такса за фирмарина се младите до 30 години, кои основаат фирма.

Донесена е одлука за доделување на средства за проекти на НВО. Близу еден милион денари се доделени на 36 организаци. И во оваа одлука нема обрска за извештај. 30.000 денари се доделени на пејачката Наташа Малинкова за видео спот. 220.000 денари за набавка на три електрични колички за лица со посебни потреби.

Во Завршна сметка за 2016 година, стои износ од 5.926.813 денари за трансфери до НВО, од кои 3.800.855 денари преку Програмата за спорт. Во 2017 година според третиот квартален извештај трансфери за НВО се издвоени 11 милиони денари, од кои за спорт и рекреација 7.700.000 денари, а за времени вработувања 5,5 милиони. Тој износ расте со годините.

**Привремени вработувања:**

| 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|
| 5,5 милиони | 20.068.599 ден | 2.699.750 ден. | 10.930.000 ден. |

Во усвоените извештаите за манифестациите од Програмата за култура за 2017 година за "Тиквешки гроздобер" од Темов ФШТ – Скопје, потрошени се вкупно 5.738.150, од кои четири милиони од Општината. Презентиран е детален извештај, од кој се гледа дека најмногу пари се потрошени за изведувачи - 3.550.150 денари. За прослава на Нова Година во 2017-та, се определени 803.527 денари за Дом на култура.

Усвојување на општински програми:

Програма за развој за 2018 година меѓудругото предвидува:

- 200.000 денари за нова интернет страна на општината;

- Програма НВО – 4.059.000 денари, кои се донаторски средства од УНДП, од проектот РеЛоад;

- Програмата за култура 2018, не определува колку средства, туку само манифестации што ќе ги поддржи;

- Во Програмата за здравство предвидени се по 180.000 за здравствена заштита во рурални средини за Сопот и Возарци, како и 600.000 за Здравствен дом или вкупно 860.000 денари;

- Програма за социјална заштита е 4 милиони денари;

- Помош на поединци од областа на културата од 1 милион денари;

- Помош за новородени деца со програма во износ од 2,4 милиони денари;

- Програма за комуникација-3.482.000 денари, која предвидува издавање на Кав'даречки весник 23 броја годишно(единечен тираж 2000 бр.) за износ од 425.000; Постапка за ТВ, Радио (Информирање на електронски медиуми) 1.550.000 денари; Маркетинг услуги (дизајн, брендинг, реклами, дизајн ВЕБ дизајн промотивни видео материјали) 800.000; Списание „Лице в лице" 12.000 ден; Брошура Боите на Тиквешијата - 80.000 ден; Огласи и Соопштенија во државни печатени медиуми 200.000 ден; Туристичка карта на Кавадарци- 80.000 ден; Плакети, пехари, признанија, медали, и друг вид на обележја - 150.000; Пригодна хартиена и картонска амбалажа 20.000 ден; Летоци и брошури (отчет) - 50.000; Новогодишни честитки 15.000; Рекламирање на Интернет портали 100.000 денари; или вкупно: 3.482.000 денари.

Општината финансира и филмови, при што се доделени 60.000 денари на регионалната ТВ Дооел Кавадарци РТК, за филмски проект со вицови: „Лакрдиите на Паја ".

**2018 – 2019 година:**

Во овој педиод со промената на локалната власт и доаѓањето на градоначалникот Митко Јанчев, се зголемува износот на средствата за спорт, при што најмногу пари одат за ФК „Тиквеш", а избран и нов организатор на културните манифестации. Со одлука на Советот, а по распишаниот јавен повик, Друштвото за маркетинг услуги „Иноватива груп" ДОО – Скопје, добива делегирана надлежност преку која станува организатор на културните манифесции на Општина Кавадарци. Во почеток тоа се три манифестации, додека со одлуката од 2019 година, тој број се зголемува, за што на компанијата на Сања Николиќ – Маринковиќ и нејзиниот сопруг Марко Маринковиќ – Слаткар, им е доверена реализацијата на манифестациите за кои се одвоени 6,6 милиони денари, што е повеќе од половината од Програма за култура во износ од 10 милиони денари. Во јули 2019 со одлука на Советот се дополнува Програмата за култура за 2019 година со „Кавадарци стрит фестивал", во организација на„Иноватива груп". Средствата се обезбедени од Дрекслемајер, во рамки на Културното лето, каде се одржани уште три настани.

Извештаите што ги усвојува Советот на Општината Кавадарци, варираат од детални до немање на финансиски извештај во прилог на одлуката за усвојување.

За организација на манифестацијата Свети Трифун 2018 од „Иноватива груп", се потрошени вкупно 1.7777.845 денари. При усвојување на извештајот за реализација на „Тиквешки гроздобер "2018 годна, нема извештај со финасиски показатели. За програма „Свети Трифун "2019, планирани еден милион, но поради тоа што беше прогласен ден на жалост, се потрошени 385.342 денари за претходна организација. Во финансискиот извештај за манифестацијата која не се одржа, е набележано дека Маринковиќ Ма ДООЕЛ од Скопје за декорација за прием кај градоначалникот наплатила 211 евра за украсување. За органзиација на три дена се потрошени 22.000 денари, додека за дизајн на материјал 18.000 денари.

Советот донесува одлука, со која се зголемува учеството на општината во манифестацијата „Тиквешки гроздобер" од 4 милиони на 5,5 милиони денари, при што

500.000 денари се земаат од Програмата за култура, еден милион од Програмата за развој на спортот.

Детална е програмата за Нова Година за дочек на 2019 година на „Иновативa груп“.

Предвидени се вкупно 1.955.108 денари, од кои за новогодишна расвета 1,5 милиони денари, останатото за два бенда и 300.000 денари за организаторите од „Иновативa груп“.

Програма за култура 2019 е планирана со износ од 10 милиони, од кои 6.600.000 за три манифестации (Културно лето, Свети Трифун, Тиквешки гроздобер), кои се со делегирана надлежност на „Иновативa груп“.

Програмата „Свети Трифун“, организатор „Иноватва груп “со буџет од 1.531.571 денари, од кои еден милион од Општината Кавадарци, останатото се донации. Од тие средства, за организација е предвиден надоместок 20% или 216.324, денари, 100.000 денари за Либеро бенд и 200.000 денари за Љубојна.

Програма „Кавадарци прославува“ за Нова Година 2019 на „Иновативa груп“, се потрошени вкупно 300.000 денари. Од тоа се одвоени средства за фото и видео- 17.778 денари, за логистика 6667 денари, за организација 38.900 денари и трошоци за „Иновативa груп“ 10.035 денари.

**Програма за спорт 2018:**

Спорт и рекреација: Вкупно: 7.665.585

- 5 милиони за ФК „Тиквеш “ (порано еден милион).

- 5 00.000 денари на женски кошаркарски клуб „Тиквеш “.

Со измена на Програмата за спорт се доделуваат 1,7 милиони за ФК „Тиквеш“ за развој на младите категории на фудбал. Со ребаланс на Буџетот за 2018 година, за трансфери до спортски кубови одвоени се 10.850.000 денари, додека за трансфери до НВО 1.178.000 денари.

Со Буџет 2019 за Програма за развој на спорт се планирани 12 милиони денари. Со ребаланс на Буџетот, Програмата се зголемува на 15 милиони денари, од кои дополнителни три милиони денари се исплатуваат на ФК „Тиквеш“.

Во усвојувањето на извештајот за програмата за млади и спорт е внесена одредба: „Се задолжуваат спортските клубови да достават комплетна финансиска докумантација за потрошените средства(фактури, фискални сметки и слично) во спротивно нема да биде извршена било каква исплата на средства по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2018 година“ .

**Програми во 2019 година:**

Програма култура и творештво во висина од 10 милиони денари; Програма за развој со планирани 8.433.500 денари; Програма НВО од еден милион денари.За кофинансирање на проектот Винска куќа на Вардарски плански регион одвоени три милиони; Програма за социјална заштита, вредност 4,7 милиони денари.

Донесена е програма за активности на Општината Кавадарци во промоција на комуникација со јавноста, што се реализара преку: огласување , закуп на медиумски простор за промоција на активности поради подобрување на рејтингот и транспарентност, маркетингшки услуги, издавање на 12 броја од Кав'дречки информатор, во висина од 425.000 денари и тираж од 500 бесплатни примероци по број. За огласување вкупно еден милион, закуп на простор – 1.220.000 денари и маркетинг услуги 800.000 денари, или вкупно за целата програма 3.963.000 денари.

**Субвенционирање на граѓаните**

Субвенции за грејни тела за граѓаните преку јавен повик, во висина до 15.000 денари поединечни субвенции, според Програмата во висина од три милиони денари. Преку јавен оглас доделени се субвенции на граѓаните за набавка на велосипеди – до 50% од вредноста, не повеќе од 5000 денари или вкупно 200.000 денари. Со одлука на Советот продолжува поддршката на социјално загрозените семејства преку плаќање на комуналните сметки. Исплатени се 500.000 денари на ЈП за стопанисување со спортски објекти „Мито Хаџивасилев Јасмин“ за покривање на трошоци за електрична енергија на лизгалиште на мраз за остварување на бесплатни рекреативни спорски активности на учениците. Општината со одлука субвенционира енергетско ефикасни тела - до 50%, максимум до 15.000 денари за домаќинство од општински фонд од еден милион денари. Одлуката е според донесениот правилник.

Продолжува поддршката за ЗГ „Мобилност“, со набавка на три инвалидски колички како донација во вкупна вредност од 570.000 денари.

Жителите на две села добиваат субвенционирана здравствена заштита преку финансирањето на на ПЗУ Виталија медикус, во висина од 360.000 денари. Во одлуката нема обврска за поднесување на финансиски извештај.

**Останати показатели:**

Од останатите покарактеристични показатели од анализа на финанските извештаи е постојаното зголемување на субвенции и трансфери, кои со завршната сметка се зголемени на 41 милион денари.

Трансфер до НВО:

| 2017 | 2018 |
|---|---|
| 9.616.486 ден. | 11.798.921 ден. |

Разни трансфери 34 милиони (2018) 20.404.106 (2017)

Плати 49.606.536 ден.(2018)  41.203.907 ден. (2017)

Од Владата на РСМ се одобрени 6.950.166 денари за финансирање на пријавени доспеани, а неплатени обврски. Со одлука на Советот, сите пари се наменуваат за ЈП Комуналец, кој има обврски од 9.346.116 денари.

## III ИНФОРМАЦИИ ЗА СОДРЖИНАТА НА САЈТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Овие документи и информации од интерес можат да се најдат на интернет страницата на Општината Кавадарци – kavadarci.gov.mk:

Во менито **- Локална самоуправа – Отворени податоци – Буџет на Општината** се наогаат**:**

- Буџет на општината -2016, 2017, 2018 и 2019 година.
- Ребаланс на буџетот -2018 и 2019 година.
- Завршна сметка на буџет -2016, 2017, 2018 година.
- Годишен извештај на буџет -2017 и 2018 година.
- Квартални извештаи -2017, 2018 и 2019 година.

Во менито **- Набавки** се наогаат**:**

- Годишен план за јавни набавки - 2017, 2018 и 2019 година.
- Известувања за спроведени постапки од јавни набавки - 2018 и 2019 година.
- Огласи за постапки за спроведување на јавни набавки - 2018 и 2019 година (линк до огласи, документација, договори, но некаде недостасува дел).

Во менито **- Актуелни информации - Невладини организации:**

- Одлука за распределба на финансиски средства НВО- 2016 и 2017 година.

Во менито **- Локална самоуправа - Отворени податоци – Програми на општината:**

- Програми на општината – 2018 година (предлог програми).

Во менито – **Проекти:**

- Проекти – 2018 и 2019 година (изградба на објекти, асфалтирање улици, паркинзи, проекти финансирани од ЕУ итн (само објавено, објаснето без финансиски извештаи).

Во менито **- Прес -Огласи и соопштенија:**

- Огласи и соопштенија - 2016, 2017, 2018, 2019 година (огласи, конкурси, јавни повици, проекти, дебати, соопштенија и сл. од 2014 до денес, некои од постарите неможат да се отворат).

Во менито –**Прес - Кав'даречки информатор**

- Кав'даречки информатор - од Мај 2018 до Ноември 2019 година (сите тековни активности, проекти, улици, канализации, итн. информации од интерес за граѓаните).

**Донации**

- оваа категорија информации не може да се најде преку мени, туку преку пребарување, известувања за донации има и во мени **Актуелни информации** и во **Настани** (донации има радио станици, возила, чешми, ЦТГ апарат итн).

Сајтот редовно се ажурира и дополнува со тековни информации, актуелни настани и сл. Позитивно да се истакне е и тоа што преку менито Набавки – Огласи за направените јавни набавки на Општината, може да се влезе со линк во Бирото за јавни набавки да се видат огласите, документите и останати информации. Дел што недостига се објава на сајтот на Програмите на Општината, (ги има во Службените гласници, но така се тешко достапни за наоѓање) и распределбата на финансиите во НВО секторот.

## Јавна достапност на документи издадени од Општина Кавадарци

**9. Предлог Буџет**

2016 има нема
2017 има нема
2018 има нема
2019 има нема

**10. Буџет на Општина Кавадарци**

2016 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2017 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2018 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2019 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**11. Квартални извештаи на Буџет**

2016 има колку? нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2017 има колку? 1 (цела година), нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2018 има колку? 1 (цела година), нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2019 има колку? 1 (цела година), нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**12. Извештаи на јавни претпријатија и институции**

2016 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2017 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2018 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

2019 има нема
Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**13. Правилници и методологии за доделување на средства**

Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**14. Договори со донатори**

Има нема

Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**15. Решенија за примени донации**

Има нема

Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник

**16. Јавни набавки, план и извештаи од реализирани јавни набавки**

Во мени на насловна на интернет страницата во посебен дел за буџет во рубрика од мени во Службен гласник .

Проектот „Без врска не е секогаш без врска “е изработен од Здружението на граѓани Медиа Плус- Штип. Соработник е националната радио мрежа Канал 77. Проектот е поддржан од Транспарентност – Македонија и НВО Инфоцентар од програмата „Граѓански организации и медиуми против корупцијата – Коалиција за нулта толеранција“ преку фонд на Европската унија.

Проектот се фокусира на подобрување на транспарентноста и отчетноста на единиците за локална самоуправа во Општина Штип и Општина Кавадарци, преку набљудување и анализа на буџетските трошења и донации. Преку партнерството со медиум и изнесувањето на наодите во јавност, се има за цел засилено влијание, како и поттикнување на граѓанскиот активизам за остварување на крајната цел- транспарентни и отчетни Општини .


